Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 07.12.2023

Денеска (07.12.2023), полициски службеници од ЕВР Чаир ги лишиле од слобода М.Д. (35), Р.К.(33) и А.И.(36), сите од Скопје од Скопје. Тие се сомничат дека околу 22.25 часот на 06.12.2023 во спортска обложувалница на подрачјето на Шуто Оризари со закана кон вработената одзеле пари од каста. При претрес во домот на М.Д., извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пари за кои постои сомневе дека потекнуваат од кривичното дело. По целосно документирање на случајот, ЕВР Чаир до ОЈО Скопје ќе поднесе соодветна пријава.

Полициски службеници од СВР Битола, на 05.12.2023 го лишиле од слобода Т.К.(38)од Битола.
Тој се сомничи дека истиот ден извршил „тешка кражба" во куќа во Битола и одзел накит и други предмети. Со него бил извршен службен разговор, при што го признал делото. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.12.2023 во 18.15 часот во Радовиш, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш го лишиле од слобода Ф.К.(33) од Радовиш. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена ловечка пушка која ја поседувал без дозвола. Запознаен е Јавен обвинителот од Основното јавно обвинителство Радовиш, а по документирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.12.2023 во 23.10 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Д.(28) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (07.12.2023) во 00.30 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода М.Б.(39) и Н.С.(30), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.12.2023 во 20.40 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.К.(29) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (06.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 253 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 13 санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, 11 санкции за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, 29 мерки за некористење на сигурносен појас...

Во текот на изминатата недела, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциски контроли за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се вкупно 155 возачи. Од нив, 115 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 9 санкции се изречени за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 14 за управување возило без возачка дозвола, 7 за нерегистрирани возила и 10 за неносење зимска опрема.

На 06.12.2023 во 20.00 часот во Полициската станица Центар, М.Д.(32) од Скопје пријавил дека на ул.„Орце Николов" бил каснат од куче скитник.

На 06.12.2023 во 21.15 часот во Полициската станица Аеродром, Е.Ј.(34) од Скопје пријавила дека на бул.„12 Македонска бригада" била касната од куче скитник.

На 06.12.2023 во 21.10 часот во Полициската станица Чаир, Ј.Ј.(53) од Скопје пријавил дека на ул.„Босна и Херцеговина" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Денеска (07.12.2023) околу 13.30 часот на ул.„Јордан Мијалков" во Скопје, полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка – Отсек потраги ја лишиле од слобода С.Ц.(63) од Скопје. Таа била барана по потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години и шест месеци за сторено кривично дело по член 247 од Кривичниот законик. Лицето било предадено во Полициската станица Центар за понатамошна постапка, по што ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 07.12.2023 во 12.35 часот во скопско Јурумлери, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода И.М.(25) од Куманово. Тој бил баран по централна потерница, врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело по член 236 од Кривичниот законик. Лицето е предадено во Полициската станица Гази Баба, по што ќе биде спроведено во надлежна казнено-поправна установа за издржување на казната.

СВР Битола, до Основното јавно обвинителство Битола, поднесе кривична пријава против П.М.(40) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластување" и „несовесно работење во службата". Пријавениот, директор на ЈКП Водовод Битола, ја злоупотребил својата службена положба и овластување на начин што потребата од пополнување на систематизираните работни места не ја обезбедил преку јавен оглас, туку со ангажирани работници преку агенција за привремени вработувања по основ на зголемен обем на работа на определено време. На тој начин тој постапил спротивно на чл.22 од Законот за работни односи и чл.20-а, 20-б, 20-в, 20-г, 20-д од Законот за вработени во јавен сектор. Имено, во случајот работните места се исправени, не се пополнети сите систематизирани, па според тоа не можел да ангажира лица од агенција за привремени вработувања. Пријавениот, одредени вработени во континуитет ги овластил да извршуваат дополнителни работни задачи подолго од два месеци што е спротивно на чл.10 од Колективниот договор за комунални дејности, по што им исплаќал додаток на плата за работна успешност без притоа да бидат запазени критериумите утврдени во чл. 83 и 84 од Колективниот договор. Пријавениот, исто така, несовесно постапил во извршувањето на своите должности и овластувања на тој начин што не обезбедил задоволителен видео надзор и физичко обезбедување во резервоарот на ЈКП Водовод кај м.в „Овчји Баир" како објект од категорија која е од витално значење за безбедноста на здравјето и животот на граѓаните согласно чл.4 од Одлуката на Владата за определување на правни лица кои се должни да имаат приватно обезбедување. Во повеќе наврати за тоа му било укажувано и од страна на вработените во објектот.

На 06.12.2023 во 20.10 часот на бул.„Трета македонска бригада" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.П.(33) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од една година и шест месеци за сторено кривично дело по член 235 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправна установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 06.12.2023 околу 18.00 часот на подрачје на Бит Пазар, полициски службеници го лишиле од слобода И.Р.(33) од Скопје, поради сомнение дека непосредно пред тоа на подрачјето на Бит Пазар од пиштол испукал неколку куршуми во воздух. При преглед во возилото „ауди" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени и одземени пиштол калибар 9 мм со рамка со 13 куршуми и уште една рамка со 17 куршуми. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.12.2023 од 11.00 до 15.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници, најмногу автобуси и комбиња, но и патнички такси возила. При контролата биле откриени и санкционирани вкупно 4 прекршоци (ГВ), за неисправни возила. Од нив две возила имале неисправни сопирачки, а 2 не извршиле технички преглед. Технички неисправните веднаш се исклучени од сообраќај и изготвени им се предвидените поднесоци со парични глоби од 400 евра во денарска противвредност. При контролата, исто така, биле откриени и 5 возила, односно возачи (ТЕ-3 и ГВ-2) кои вршеле јавен превоз без потребните документи и на кои ќе им бидат изготвени поднесоци по член 284-а од Кривичниот законик. Покрај тоа, санкционирани се и 14 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-11 и ГВ-3), претежно управување без соодветна возачка дозвола (ТЕ-10).

На 06.12.2023 во 18.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.В.(49) од Прилеп пријавил дека на ул.„Јани Лукровски" бил каснат од куче скитник.

На 06.12.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи во областа на сообраќајот. За време на контролата биле санкционирани 24 прекршоци од кои, 6 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за нерегистрирано возило, 2 за управување возило без возачка дозвола, 2 за непочитување на брзина на движење, 2 за некористење сигурносен појас и 11 за непропишано паркирање.

На 06.12.2023 во 16.00 часот во СВР Скопје, од Казнено – поправната установа Затвор Идризово било пријавено дека на 05.12.2023 околу 08.30 часот, во полуотвореното одделение во установата, осуденикот Н.Д.(26) бил физички нападнат од повеќе други осудени лица. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 06.12.2023 во 12.40 часот во Полициската станица Кисела Вода, Б.Б.(27) од Охрид пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" бил каснат од куче скитник.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Т.М.(58) од с. Дрвош, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување" и против Д.И.(37) и К.И.(47), двајцата од с.Ново Село, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „соизвршителство" во врска со „злоупотребата на службената положба и овластување" и „употреба на исправа со невистинита содржина". Првопријавениот, вработен во ЈП „Национални шуми" Скопје, подружница ПСШ ,,Беласица" - Струмица, заедно со второ и третопријавениот, искористувајќи испратници кои биле претходно изготвени од страна на првопријавениот, извршиле транспорт на два кај лице во с.Колешино и на тој начин се стекнале со противправна имотна корист од 50.000 денари за првопријавениот, а 100.000 денари за второ и третопријавениот.

На 06.12.2023 во 23.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров, А.М.(23) бил физички нападнат од Т.М.(42), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Куманово поднесе кривична пријава против А.З.(30) од с.Урвич, општина Богословје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 26.11.2023 на граничен премин Табановце, пријавениот на увид приложил фалсификувана чешка возачка дозвола.

На 06.12.2023 во 12.30 часот во СВР Скопје, Д.Д.(26) од Прилеп пријавил дека на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од Д.С.(48) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

ОВР Валандово поднесе кривична пријава против Р.М.(42) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". На 23.10.2023 пријавениот, во својство на вработен како затворски полицаец во КПУ - Затвор Струмица, во договор со осуденик кој издржувал казна затвор, со своето моторно возило го пренел до с.Јосифово за да завршат работа со негова роднина и го вратил.

На 06.12.2023 во 11.45 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.М.(67) од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" бил каснат од куче скитник.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Т.М.(65) од с.Дрвош, референт по сеча во ЈП ,,Национални шуми" Скопје, подружница ПСШ ,,Беласица" - Струмица поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување" и „фалсификување исправа" и против Р.А.(32) и М.Д.(24), двајцата од с.Банско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „употреба на исправа со невистинита содржина". Првопријавениот, искористувајќи ја својата положба и со претходно изготвени испратници, им овозможил на второ и третопријавениот на 21.10.2023 од планина Беласица да исечат и пренесат огревно дрво, кое не соодветствувало со документацијата по однос на количина, вид, податоци за цена, превозно средство и лице евидентирано како купувач.

На 06.12.2023 во Полициската станица Карпош, од Јавната установа за згрижување на деца било пријавено дека се одалечиле нивните штитеници М.М.(16), М.К.(15), Р.Н.(17) и Д.Д.(16), кои и претходно се одалечувале и биле враќани назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 06.12.2023 во 21.40 часот во СВР Тетово, 48 - годишниот Г.Б. од гостиварско Врапчиште пријавил дека неговата малолетна керка во селото била каснат од куче скитник.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Р.Ф.(56) од с.Радолишта, Р.В.(57) од Струга и Р.Ф.(34) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавените, во текот на 2023 година, во својство на инвеститори во Струга започнале со градење на деловен објект без одобрение.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против И.Р.(22) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачки или караници". На 14.11.2023 во семејниот дом, по претходна расправија, пријавениот се обидел со нож да го нападне својот татко.

На 06.12.2023 во 08.30 часот во Полициската станица Гази Баба Л.С.(59) од Куманово, пријавила дека на ул.„16 Македонска бригада" била касната од куче скитник.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против И.Д. (31) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење на работи од безбедноста". На 31.10.2023 во Прилеп, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Т.Ј.(77) од струшко село Лабуништа поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тој, на 13.09.2023 на катастарска парцела во истото село, започнал со изградба на објект без одобрение и спротивно на основниот проект што било констатирано по извршен инспекциски надзор.

На 06.12.2023 во 18.00 часот, Б.Ш.(54) од Кичево во полициска станица пријавила дека на улицата „Мирко Милески" во Кичево била касната од куче скитник.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Б.Б.(39) од с.Крушејани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие". На 09.11.2023 во с.Крушејани, пријавениот физички го нападнал М.З., по што се обидел да го нападне и со тврд предмет.